# НАМЕРА ДА СЕ ДЕЈСТВУВА ПРЕТПРИЕМАЧКИ

Претприемачката активност е најчесто намерна. Претприемачите имаат намера да бараат одредени можности, да влезат на нови пазари и да нудат нови производи - ова е ретко процес на ненамерно однесување. Намерите ги опфаќаат мотивациските фактори кои влијаат на однесувањето; тие се показатели колку луѓето се подготвени да се обидуваат, колкав напор планираат да вложат за да се однесуваат во согласност со целта. Како општо правило, колку е посилна намерата за впуштање во одредено однесувањето, толку е поверојатно нејзиното остварување.[1] Поединците имаат посилни намери да дејствуваат кога преземањето акција е *изводливо* и *посакувано*. На ист начин можат да бидат објаснети *претприемачките намери*.

***претприемачки намери*** Мотивациски фактори кои влијаат на поединците да се стремат кон претприемачки резултати

***претприемачка самоефикасност*** Убедување дека некој може успешно да го спроведе претприемачкиот процес

***согледана пожелност*** Степенот на оцена на пожелноста или непожелноста на потенцијалните претприемачки резултати

Перцепцијата на изводливоста има сличности со самоефикасноста на претприемачот. *Претприемачката самоефикасност* се однесува на убедувањето дека некој може успешно да го изведе потребното однесување; луѓето кои веруваат дека имаат капацитет да работат (висока само-ефикасност) имаат тенденција добро да работат. Според тоа, таа ја рефлектира перцепцијата за лична способност да се извршува определена работа или сет задачи. Високата самоефикасност води кон зголемување на иницијативноста и упорноста и со тоа ги подобрува перформансите. Луѓето со висока самоефикасност размислуваат различно и се однесуваат различно од луѓето со ниска самоефикасност.[2] Самоефикасноста влијае на изборот на активност на личноста и количеството вложен напор. Научниците за претприемаштво утврдиле дека самоефикасноста е позитивно поврзана со креирањето нова независна организација.[3]

Не само што поединецот мора да ја гледа претприемачката активност како изводлива за да биде висока претприемачката намера, тој исто така мора да го гледа и правецот на дејствување како посакуван. *Согледаната пожелност* се однесува на ставот на поединецот кон претприемачката активност - степенот до кој има поволна или неповолна процена за потенцијалните претприемачки резултати.[4] На пример, веројатно нема да се јават креативни активности освен ако произведуваат лични награди кои се сметаат релативно попосакувани отколку познатите однесувања.[5]

Според тоа, колку е повисока согледаната пожелност и изводливост, толку е посилна намерата да се дејствува претприемачки. Понатаму ги истражуваме биографските карактеристики на претприемачите за да разбереме зошто некои поединци имаат поголема веројатност да се впуштаат во претприемаштво отколку други поединци. Тоа значи дека истражуваме како биографските карактеристики даваат показател дали одредени поединци ја гледаат претприемачката активност како изводлива и посакувана и според тоа дали повеќе или помалку имаат намера да бидат претприемачи.

# БИОГРАФИЈА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕТПРИЕМАЧ

## Образование

Иако некои можат да мислат дека претприемачите се помалку образовани отколку општата популација, резултатите од истражувањата покажуваат дека ова очигледно не е случај. Образованието е важно во воспитувањето на претприемачот. Неговото значење се рефлектира не само во нивото на стекнато образование туку и во фактот дека продолжува да има главна улога во помагањето на претприемачите да се справат со проблемите со кои се соочуваат. Иако за започнување нов бизнис не е неопходно формално образование - што покажува успехот на личности кои го напуштиле високото образование, како што се Ендру Карнеги, Вилијам Дурант, Хенри Форд и Вилијам Леар - тоа дава добра основа, особено кога е поврзано со областа на деловен потфат. На пример, претприемачите ја навеле потребата од образование во областите на финансии, стратегиско планирање, маркетинг (особено дистрибуцијата) и менаџмент. Исто така, во секоја претприемачка активност важна е способноста да се комуницира со пишаниот и усниот збор.